Миграциите беа носечката тема на десеттиот регионален форум на Цивика мобилитас кој ги опфати вардарскиот и североисточниот регион, а се одржа на 14 јули 2016 г. во Свети Николе. Вкупно 69 претставници на граѓански организации, општини, граѓани и други заинтересирани беа дел од овој речиси целодневен настан.




На панелот „Миграциите – вистина и предизвик“, заборуваа д-р Златко Николовски, д-р Лилјана Чолакова-Дервишова, Кирил Макаровски, Страхил Тодоров и Неал Раими, а го фасилитираше Убавка Јаневска. Николовски, кој докторирал на прашањата од миграциите и дијаспората и претседател на „ **Нов контакт** “, зборуваше за глобалната состојба, причините за миграциите и нивното влијание врз мирот и безбедноста, но и економско-социјалната состојба во светот и во Македонија. „Потребна е соработка со бизнис-секторот да ги следат студентите уште додека учат, да има државна програма за стипендирање талентирани студенти, мрежа на научници за искористување на потенцијалот“, ова се дел од предлозите на Николовски за да се подобри ситуацијата.

д-р Лилјана Чолакова-Дервишова, претседателката на **Здружението на приватни лекари** во Република Македонија, зборуваше за иселувањето на здравствените работници и ефектите врз здравствениот систем, особено врз здравјето на луѓето. Здружението на приватни лекари пред три години апелирало до властите за одливот на кадри и за можното негативно влијание на иселувањето на лекарите. Недостигот на лекари по општините е еден од резултатите на иселувањето. Д-р Чолакова зборуваше и за тешкотиите кои ги имаат приватните лекари да започнат своја пракса, особено во руралните средини, како и за мерките кои треба да ги преземе државата за подобрување на здравствениот систем и условите за работа и развој на лекарите.

Кирил Макаровски, од **општина Свети Николе** зборуваше за придобивките од изградбата на автопатот од Скопје преку Свети Николе до Штип и експресниот пат Велес – Штип, но и за состојбата со иселувањето од Свети Николе. „Секој инвеститор е воден од економски интерес. Има повратници кои вложиле, но не го добиле очекуваниот резултат и пак заминале. Но, со анализи може да и се укаже состојбата и мерките на владата и се надевам ќе прифати и ќе се намали овој процес на иселување на младите“.

